**КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД-**
**ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ**

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**
БР. 02 -_____________

**До Собрание на акционери**

# И З В Е Ш Т А Ј

## За работењето на Одборот на Директори на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ – Друштво за осигурување на живот во 2012 година

**Скопје, 26.02.2013 година**

**I. ВОВЕД**

Одборот на Директори на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД – Друштво за осигурување на Живот Скопје во 2012 година работеше во состав:

- Г-дин Јукиќ Жељко, Претседател на Одбор на Директори
- Г-ѓа Учета Дузлевска Вилма, Извршен член на Одбор на Директори
- Г-дин Пуљиз Марио, Неизвршен член на Одбор на Директори
- Г-дин Палада Марин, Неизвршен член на Одбор на Директори
- Г-динот Камбовски Владо, предложен како Неизвршен независен член на Одбор на Директори нема учествувано во работата на состаноците на Одбор на Директори.

На **IV/2012.** состанок на Одбор на Директори се донесе Предлог Одлука за именување на нов неизвршен независен член на Одборот на Директори Г-дин Блажевски Огњен. Со Одлука на Управата на Croatia Osiguranje d.d. број UP/57/SFU-DK/2012 од 12.04.2012 година, на XII. Седница на Собрание на акционери одржана на ден 15.05.2012 година, Г-динот Камбовски Владо е разрешен како член на Одборот на Директори на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД – Друштво за осигурување на Живот Скопје. На негово место е именуван Г-дин Огњен Блажевски како неизвршен, независен член на Одбор на Директори.

**На VIII/2012.** состанок на Одбор на Директори се донесе Предлог Одлука за разрешување на неизвршните членови на Одборот на Директори Г-дин Пуљиз и Г-дин Палада, и именување на Г-дин Страрчевиќ и Г-ѓа Ивандиќ Видовиќ. Со Одлука на Управата на Croatia Osiguranje d.d. број UP/176/SU-DK/2012 од 24.10.2012 година, на XIII. вонредна Седница на Собрание на акционери одржана на ден 29.11.2012 година, Г-динот Пуљиз Марио и Г-дин Палада Марин, се разрешени како членови на Одборот на Директори на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД – Друштво за осигурување на Живот Скопје. На нивно место се именувани Г-дин Крешимир Старчевиќ и Г-ѓа Дарија Ивандиќ Видовиќ како неизвршени членови на Одбор на Директори.

Одборот на Директори, во рамките на овластувањата определени со Законот за трговски Друштва на Р. Македонија и Статутот на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД – Друштво за осигурување на Живот Скопје, како и овластувањата што изречно му се дадени на Собранието, управува со Друштвото. Одборот на Директори има најшироки овластувања во управувањето со Друштвото во рамките на предметот на работењето и дејствувањето во сите околности од името на Друштвото, со исклучок на овластувањата што изречно им се дадени на неизвршните членови на Одборот на Директори.

Неизвршните членови на Одборот на Директори, имаат најшироки овластувања во вршењето на правото на надзор над водењето на работењето од страна на извршните членови, имаат право да вршат увид и да ги проверуваат книгите и документите на Друштвото, како и имотот, особено благајната на Друштвото и хартиите од вредност и стока.

Покрај овие надлежности, неизвршните членови на Одборот на Директори ги има и следните надлежности:

1) ги одобрува Одлуките донесени од страна на органот на управување по однос на деловната политика на друштвото за осигурување;
2) ги одобрува Одлуките донесени од страна на органот на управување по однос на финансискиот план на друштвото за осигурување;
3) ги одобрува Одлуките донесени од страна на органот на управување во врска со воспоставување на системот за внатрешна ревизија;
4) ја одобрува годишната програма за внатрешна ревизија донесена од страна на органот на управување;
5) донесува Одлуки по други прашања согласно Статутот на Друштвото.

Одборот на Директори не може да ги пренесе врз извршните членови овластувањата кога се одлучува за:

1) затворање (престанување) или пренос на претпријатие или на негов дел што учествува со над 10% во приход на Друштвото;
2) намалување или проширување на предметот на работење на Друштвото;

3) суштествени внатрешни организациони промени на Друштвото што се определуваат со акт на Друштвото;
4) воспоставување долгорочна соработка со други друштва од суштествено значење за Друштвото или нејзино прекинување;
5) основање и престанување на трговсло друштво што учествува со над една десетина во основната главнина на Друштвото и
6) основање и престанување на подружници на Друштвото.

Неизвршните членови на Одборот на Директори се должни да:

1) спроведуваат супервизија на адекватноста на постапките и ефикасноста во работењето на внатрешната ревизија;
2) расправаат за наодите на Министерството за финансии, односно Агенцијата за супервизија на осигурување, даночната инспекција и други надлежни органи, во постапка за спроведување на супервизија на Друштвото;
3) ги ревидираат годишните извештаи и деловните биланси на Друштвото и изготвуваат мислење на истите;
4) изготвуваат мислење по однос на Годишниот извештај на внатрешната ревизија и Годишниот извештај на извршните членови на Одборот на Директори и истите ги доставуваат до Собранието на акционери на Друштвото на усвојување.

Неизвршниот член на Одборот на Директори е должен веднаш писмено да го извести Одборот на Директори за следново:

1) именување или истекнување на мандатот на надзорни органи на други правни лица;
2) трансакции врз основа на кои членови на надзорниот одган или негови блиски роднини, директно или индиректно се стекнале со акции или удели во некое правно лице врз основа на што, учество на членот на органот на управување заедно со неговите блиски роднини во тоа правно лице, го надминало нивото на квалификувани удели, како и во случај неговото учество да се намалило под нивото на квалификувани удели во тоа правно лице.

Со исклучок на овластувањата за коишто со Законот за трговски Друштва на Р.Македонија и Статутот изречно е определено дека ги врши Одборот на Директори, извршниот член го води работењето на Друштвото и има најшироки овластувања да ги врши сите работи поврзани со раководењето, спроведувањето на одлуките на Одборот на Директори и вршењето на тековните активности на друштвото и да дејствуваат во сите околности од името на друштвото.

Извршниот член на Одборот на Директори е должен:

1) обезбеди Друштвото да работи согласно со правилата за управување со ризик, согласно законите кои го регулираат работењето на друштвата за осигурување;
2) врши контрола над ризиците од работењето на Друштвото, како и да превземаат соодветни мерки за управување со тие ризици;
3) воспоставува систем на внатрешна контрола во сите делови на работењето на Друштвото, како и систем на внатрешна ревизија со што ќе се обезбеди работењето на Друштвото да биде во согласност со закон, и
4) обезбеди водење на трговски книги и останата сметководствена документација, вреднување на ставките во деловните биланси, изготвување на годишни извештаи како и извештаи до Агенцијата за супервизија на осигурување, согласно Закон.

Извршниот член на Одборот на Директори, најмалку еднаш во три месеци му поднесува на Одборот на Директори, пишан извештај за работењето на Друштвото, а по истекот на деловната година поднесуваат и годишна сметка, годишни финансиски извештаи и годишен извештај за работењето на Друштвото.

На барање на неизвршните членови на Одборот на Директори, извршниот член на Одборот на Директори, составува посебен извештај за состојбата на Друштвото или за некое прашање на неговото работење.

Извршниот член на Одборот на Директори е должен веднаш писмено да го извести Одборот на Директори доколку:

1) е загрозена ликвидноста или солвентноста на Друштвото;
2) постојат причини за одземање на дозволата за вршење на работи на осигурување или за одземање на дозвола за вршење на работи на осигурување во одделна класа на осигурување;
3) финансиската состојба на Друштвото се променила со што Друштвото повеќе не го обезбедува потребното ниво на маргина на солентност, согласно закон.

## II. РАБОТА НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ ВО ДЕЛОВНАТА 2012 ГОДИНА

Одборот на Директори на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД – Друштво за осигурување на Живот Скопје во деловната 2012 година одржа 10 (десет) состаноци.

На состаноците се расправаше по точките кои уредно беа ставени на Дневен ред и се донесоа Одлуки за непречено одвивање на работењето на Друштвото.

На **I/2012.** состанок на Одборот на Директори на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД – Друштво за осигурување на Живот Скопје одржан на ден **19.01.2012** година се донесоа следните Одлуки:

1. Усвојување на Записникот од XXIV. состанок на Одборот на Директори на Друштвото;
2. Усвојување на Одлука за прифаќање на понудата од Croatia Lloyd, за реосигурување во 2012. година;
3. Усвојување на Одлука за промена на адвокатска канцеларија за судски спор против Вардар Осигурување (Триглав Осигурување АД)

На **II/2012**. состанок на Одборот на Директори на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД – Друштво за осигурување на Живот Скопје одржан на ден **02.02.2012** година се донесоа следните Одлуки:

1. Усвојување на Записникот од **I**/2012. Состанок на Одбор на Директори на Друштвото;

2. Донесување на Одлука за намалување на платата на Главниот Извршен Директор;
3. Донесување на Одлука за намалување на платата на Советникот на Главниот Извршен Директор;
4. Усвојување на полугодишниот Извештај на внатрешниот ревизор за период од 01.07.2011 do 31.12.2011 година.

На **III/2012.** состанок на Одбор на Директори на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД – Друштво за осигурување на Живот Скопје одржан на ден **01.03.2012**. година се донесоа следните Одлуки:

1. Усвојување на Записникот од II/2012. состанок на Одборот на Директори на Друштвото;
2. Усвојување на Годишен Извештај за работењето на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот за 2011 година;
3. Донесување на Предлог Одлука за прифаќање на завршна сметка за 2011 година:
    a. Биланс на состојба;
    b. Биланс на успех;
    c. Извештај за паричниот тек;
4. Донесување на Предлог Одлука за распределба на нето добивката за 2011 година;
5. Донесување на Предлог Одлука за прифаќање на Извештајот на МУР СТИВЕНС ДОО за извршената ревизија и финансиските Извештаји за 2011 година;
6. Донесување на Предлог Одлука за прифаќање на Годишниот Извештај на внатрешната ревизија за 2011 година;
7. Донесување на Предлог Одлука за прифаќање на Годишниот Извештај за работењето на Одборот на Директори на Кроациа Осигурување – Живот АД Скопје за 2011 година;
8. Донесување на Предлог Одлука за припис на добивка по полиси за осигурување на живот за 2011 година;
9. Усвојување на Извештајот за попишани парични и материјални вредности, побарувања и обврски на Друштвото, со состојба 31.12.2011 година
10. Донесување на Одлука за ангажман на Г-дин Вукојевиќ Бранко во 2012 година за одржување на постоечката апликација за животно осигурување;

11. Донесување на Предлог Одлука за прифаќање на нов Правилник за примена на сметководствени политики;
12. Донесување на Предлог Одлука за свикување на XII. редовна Седница на Собранието на Акционери на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот;
13. Предлог Одлука за продажба на дел од сопствените акции на Кроациа Осигурување АД, Друштво за осигурување на живот;
14. Одлука за набавка на 2 нови службени возила.

На **IV/2012.** состанок на Одбор на Директори на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД – Друштво за осигурување на Живот Скопје одржан на ден **23.04.2012** година се донесоа следните Одлуки:

1. Усвојување на Записникот од III/2012. состанок на Одборот на Директори на Друштвото;
2. Усвојување на Одлука за прием во осигурување над максимален самопридржај;
3. Усвојување на Одлука за разрешување на неизвршни членови на Одбор на Директори;
4. Усвојување на Одлука за именување на неизвршни членови на Одбор на Директори;
5. Донесување на Предлог Одлука за свикување на XII. редовна Седница на Собранието на Акционери на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот;

На **V/2012**. состанок на Одбор на Директори на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД – Друштво за осигурување на Живот Скопје одржан на ден **15.05.2012** година се донесоа следните Одлуки:

1. Усвојување на Записникот од IV/2012. состанок на Одборот на Директори на Друштвото;
2. Усвојување на Одлука за избор на Претседател на Одбор на Директори;
3. Усвојување на Одлука за Деловодник за работата на Одбор на Директори;

4. Усвојување на Извештајот за работењето на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот за периодот 01.01.2012 – 31.03.2012 година;
5. Усвојување на Одлука за воведување на нов производ за Детско Штедно Осигурување “Koko”, по тарифа 20;
6. Усвојување на Правилник за работа на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот;
7. Усвојување на Правилник за минимални стандарди и пресметка на технички резерви;
8. Усвојување на Правилник за работа на внатрешна ревизија на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот;
9. Усвојување на Правилник за начин на вршење попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба;
10. Усвојување на Одлука за склучување на Договор за соработка со овластен Актуар;

На **VI/2012.** состанок на Одбор на Директори на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД – Друштво за осигурување на Живот Скопје одржан на ден **22.08.2012 година** се донесоа следните Одлуки:

1. Усвојување на Записникот од V/2012. состанок на Одборот на Директори на Друштвото;
2. Усвојување на Правилник за технички и организациони мерки за обезбедување тајност и заштита на лични податоци;
3. Усвојување на Правилник за заштита на лични податоци;
4. Усвојување на Правилник за обезбедување на тајност при обработка на лични податоци;
5. Усвојување на Правилник за користење на работни простории за информатичка технологија;
6. Усвојување на Правилник за начин на водење на евиденција на збирки на лични податоци.

На **VII/2012** состанок на Одбор на Директори на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД – Друштво за осигурување на Живот Скопје одржан на ден **12.10.2012** година се донесоа следните Одлуки:

1. Усвојување на Записникот од VI/2012. состанок на Одборот на Директори на Друштвото;
2. Усвојување на Извештајот за работењето на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот за период 01.01.2012 – 30.06.2012 година;
3. Усвојување на Извештајот на внатрешниот ревизор на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот за период 01.01.2012 – 30.06.2012 година;
4. Разгледување на Предлог за враќање во сила на Правилник за одредување на стимулативен дел на плата на вработени врз основа на периодична оценка на успешност;
5. Разгледување на Предлог за одобрување на давање на заем со повластена каматна стапка од 6% за Љиљана Донева и Мирослав Донев – Шпаркасе Банка - Македонија;
6. Разгледување на понуда за сертифицирање на Друштвото по стандард ISO 9001:2008 доставена od Lloyd's Register;
7. Разгледување на понуда за спроведување на независна ревизија на прибирање и чување на лични податоци согласно Закон за заштита на лични податоци;
8. Разгледување на Предлог за утврдување на критериуми за исплата на годишна награда на Генералниот Директор на Друштвото;
9. Усвојување на Предлог Одлука за продажба на сопствените акции;
10. Усвојување на Предлог Одлука за свикување на вонредно собрание на Акционери на ден 07.11.2012 година;

На **VIII.** состанок на Одбор на Директори на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД – Друштво за осигурување на Живот Скопје одржан на ден **07.11.2012** година се донесоа следните Одлуки:

1.Усвојување на Записникот од VII/2012. Состанок на Одбор на Директори на Друштвото ;

2. Усвојување на Извештајот за работењето на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот за период 01.01.2012 – 30.09.2012 година;

3. Усвојување на Предлог Одлука за поништување на дел од Одлуката за отуѓување на сопствените акции, усвоена на Редовната седница на Собрание на Акционери на ден 15.05.2012 година;

4. Усвојување на Предлог Одлука за разрешување на неизвршни членови на Одбор на Директори;

5. Усвојување на Предлог Одлука за именување на неизвршни членови на Одбор на Директори;

6. Усвојување на Предлог Одлука за утврдување на месечен надомест за наизвршните членови на Одбор на Директори на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот;

7. Донесување на Предлог Одлука за свикување на XIII. вонредна Седница на Собранието на Акционери на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот;

На **IX/2012.** состанок на Одбор на Директори на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД – Друштво за осигурување на Живот Скопје одржан на ден **29.11.2012** година се донесоа следните Одлуки:

1. Усвојување на Записникот од VIII/2012. состанок на Одборот на Директори на Друштвото;
2. Разгледување на Предлог нова систематизација и организација на работни место на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на Живот;
3. Усвојување на Одлука за висина на трошок на репрезентација за 2013 година;
4. Усвојување на Одлука за еднократен финансиски надомест за Г-дин Вукојевиќ Бранко, согласно дополнително доставена спецификација на извршени работи за 2012 година;
5. Усвојување на Одлука за намена на средства од Организационен Фонд за 2007 и 2008 година кој се очекува да се наплати од акционерот Вардар Осигурување АД Скопје во текот на 2013 година;

6. Усвојување на Одлука за отварање на 3 регионални канцеларии во централниот, источниот и западниот дел од Македонија;
7. Усвојување на Одлука за утврдување на годишем износ на стимулации на вработените по пат на периодична оценка на успешност за 2013 година.

На **I/2012/1.** состанок на Одбор на Директори на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД – Друштво за осигурување на Живот Скопје одржан на ден **13.12.2012** година се донесоа следните Одлуки:

1. Донесување на Одлука за потврдување на Записникот од IX. состанок на Одборот на Директори на Друштвото;
2. Усвојување на Предлог План за работење на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот за 2013 година;
3. Донесување на Одлука за усвојување на Програма за управување со ризик за 2013 година;
4. Донесување на Програма за спречување перење пари и финансирање тероризам за 2013 година;
5. Донесување на Одлука за усвојување на Програмата за реосигурување на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот за 2013 година;
6. Донесување на Одлука за максимален самопридржај на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот за 2013 година;
7. Усвојување на Предлог Програма на внатрешната ревизија за работењето во 2013 година;
    a. Усвојување на Предлог План на внатрешна ревизија за работењето во 2013 година;
8. Донесување на Предлог Одлука за назначување на Друштво за ревизија на финансиските Извештаји на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот за 2013 година;
    a. Разгледување и Одлучување по три доставени понуди;

9. Усвојување на План на архивски знаци на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот за 2013 година;
10. Донесување на Одлука за спроведување на годишен редовен попис;

Одбор на Директори на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот во 2012 година донесе вкупно 77 Одлуки со кои се регулираше работењето на Друштвото и се создадоа неопходни услови на поефикасно работење и извршување на планираните активности.

## III. ЗАКЛУЧОК

Во 2012 година Одборот на Директори донесе значајни Одлуки за понатамошниот развој на Друштвото, и работеше со внимание да го заштити акционерскиот капитал. При тоа, одлуките беа насочени кон јакнење на развојната стратегија на Друштвото, прилагодување на пазарните услови и конкуренција, се со цел зголемување на веќе постоечкото портфолио на Осигуреници.

Во 2012 година, имајќи ги предвид случувањата во светската економија и кризната состојба, Одборот на Директори донесе Одлуки со цел адекватно и навремено прилагодување на измените во економското опкружување. Својата работа Одборот ја вршеше во согласнот со Законот за супервизија во осигурување, Законот за трговски друштва како и во Деловодникот за работа на Одбор на Директори на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на Живот.

Сите членови на Одборот на Директори, освен Неизвршниот независен член, Г-динот Камбовски, активно учествуваа во работата на состаноците, земајќи учество во дискусиите при што беше изразена стручноста, деловноста и заинтересираноста за работата која се пратеше со големо внимание во текот на целата година. Г-дин Палада Марин не учествуваше на 2 состаноци на Одборот на директори во текот на 2012 година и истиот го најавуваше навремено своето отсуство.

Согласно Статутот на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД – Друштво за осигурување на Живот Скопје, Собранието со Одлука го определува месечниот паушал или паушалот по состанок на неизвршните членови на Одборот на Директори.

Имајќи го во предвид изнесеното, се предлага Собранието на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД – Друштво за осигурување на Живот Скопје, да го усвои Извештајот за работењето на Одборот на Директори за период од **01.01.2012** до

**31.12.2012** година и да го одобри работењето на Одборот на Директори и водењето со Друштвото на членови на Одборот на Директори за извештајниот период како и да го награди работењето на членовите на Одбор на Директори со исплата на месечни паушали.

Скопје, 26.02.2013 година

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ

______________________________________

***Г-дин Јукиќ Жељко***